***“БИСТРО – МАТНО”***

# ***БАРОМЕТАР НА КОРУПЦИЈА 2024 година***

Транспаренси Интернешнл Македонија

**јануари, 2025**

Транспаренси Интернешнл-Македонија продолжува да ја спроведува редовната месечна активност за следење на случаи и дејствија поврзани со коруптивни однесувања и борбата против корупцијата, што ја нарековме „Бистро-Матно“.

Следењето на овие случаи има голем одзив, како во јавноста, така и меѓу домашните и странските чинители и со текот на времето прерасна во релевантен показател на корупцијата и на волјата на државата да се справува со овој проблем. На овој начин, сите заедно придонесуваме за поголема свест за овој проблем во општеството во целина.

Овој годишен Извештај е преглед на сите дванаесет изданија на „Бистро-Матно“ кои што беа објавени во изминатата 2024 година.

Во ова годишно издание од значење е да се напомене дека во секоја едиција на „Бистро-Матно“ беа забележани настани кои што се објавени од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија.

Како институции кои што активно се залагаат за намалувањето на корупцијата анализирајќи го овој барометар можеме да посочиме дека со нивното дејствување продолжуваат континуирано да посочуваат нерегуларности од областа на своето дејствување. Согласно Националниот Систем за интегритет[1], истражување кое го спроведе Транспаренси Интернешнл Македонија овие две институции се прво и второ рангирани со највисоки оцени. Државниот завод за ревизија објавува сеопфатни извештаи за работењето на нашите институции и ги посочува недостатоците во функционирањето и имплементацијата на политиките и активностите.

Изминатата 2024 година беше изборна година, па од тие причини не ѝ заобиколија и изборните нерегуларности. Најголемо внимание привлече постапката помеѓу Државната Комисија за спречување на Корупцијата и Академијата за судии и јавни обвинители, за која од Управниот суд донесе пресуда за запирање на процесот на селекција на кандидати во изборен период. Следствено на тоа ДКСК покрена иницијатива за утврдување на одговорност за директорката и Управниот Одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. ДКСК оформила 65 предмети за повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата во врска со изборната кампања 2024.

Академијата продолжи да биде присутна во јавноста и тоа не остана незабележано со остварениот претрес во нејзините простории, подоцна и за Одлуката за тајно гласање на Управниот Одбор за избор на нов директор. Дополнително од страна на ДКСК беше донесена одлука во која беше утврдено дека незаконски се назначени 4 нови членови на Управниот Одбор на Академијата.

Со сигурност можеме да наведеме дека голема реакција во јавноста предизвика случајот со Врховниот судија Наќе Георгиев и поранешниот Народен Правобранител Иџет Мемети кои се спогодија со обвинителството во врска со примање поткуп.

И оваа година не изостана „Црната листа“ на Стејт Депатментот. На оваа листа се најдоа и поранешни високи функционери, но и луѓе кои директно ја спроведуваат правдата и се дел од правосудниот систем. Ова е еден од индикаторите зошто и така ниската доверба во правосудството во континуитет бележи пад. За среќа овие индикации за можни дела за

[1] Транспаренси Интернешнл- Македонија, 2024 година- Национален систем за интегритет- Оцена за Република Северна Македонија: https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/06/nacionalen-sistem-za-integritet-ocena-za-republika-severna-makedonija.pdf

корупција и злоупотреба на службената должност беа препознаени од македонските власти и предмети против пранешниот вицепремиер Груби и апелацискиот судија Беџети беа отворени.

Во изминатата година беа присутни и граѓанските организации кои најчесто реагираа за проблемите со кои што се соочуваат граѓаните, законски измени како и транспарентноста и отчетноста на институциите.

Иако во сенка од таканаречените матни настани не изостанаа и бистрите настани.

По реакциите во јавноста и Државната комисија за спречување на корупција беше отворена предистрага за судијата кој си ги преправал оценките во тетовскиот универзитет. Ваквите истраги секогаш јавуваат интерес кај граѓаните најмногу чекајќи го крајниот исход.

Иако не многу често, по иницијатива на ДКСК, ОЈО Скопје почна постапка против организациски директор на Клиниката за токсикологија. Многу често во јавноста беше пласирана информацијата дека иницијативите на ДКСК не завршуваат со обвиненија.

ЗНМ поднесе пријава за недолично однесување на судијката од битолскиот суд, која им ги одзеде телефоните и камерите на новинарите. Седмата сила е многу важен фактор во справувањето со корупцијата и нивната заложба секогаш ќе биде проследена со позитивна реакција.

Вредно да се напомене, а можеби и да се земе како пример и пракса за другите институции се измените на Деловникот на Врховниот суд кој ги отвори општите седници за јавноста и медиумите - „Предложените измени се засноваат на уставните и законските начела за јавност на судството, највисоките меѓународни правни норми интегрирани во домашното законодавство, принципите на Европската конвенција за заштита на човековите права и стандардите на Европскиот суд за човековите права, меѓународните документи од областа на судството и заложбите и активностите на Советот за отворено судство.

# МАТНИ НАСТАНИ ЗА 2024 ГОДИНА

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА

*Крајно време е институциите да профункционираат*

**Антикорупциска ќе ја дополни иницијативата за кривичното дело за „Трансмет“ -** Државната комисија за спречување на корупцијата на седница донесе одлука да направи дополнување на иницијативата за кривично дело што ја достави во јули лани за случајот „Трансмет“. ДКСК, како што рече членот Шемси Салаи, се сомнева дека штетата за Буџетот на РСМ од неуспешната конфисакција на опремата на „Трансмет“ изнесува најмалку 26,5 милиони евра. „Фактите укажуваат на сомнежи на перење пари и други дејности од казниво дело, злоупотреба на јавен повик, несовесно работење, злоупотреба и искористување на службената положба и овластувања од страна на службени лица. **ДКСК до ОЈО ќе достави анализа за склучувањето на договорот за градба на коридорите 8 и 10Д -** Државната комисија за спречување на корупцијата на 99-та седница ја презентираше анализата на одлуките при носењето и склучувањето на договорот за градба на коридорите 8 и 10Д со Бехтел и Енка и донесе одлука таа да се достави до Основното јавно обвинителство за нивно понатамошно постапување. Анализата по нејзиното презентирање покажува дека постојат ризици од корупција, но дека засега нема ништо конкретно и дека надлежните институции треба да продолжат да го следат. **ДКСК: Директорот на Агенцијата за филм упорно ги крие документите како се делеле државните пари за проекти** - Бојан Лазаревски платил казна зашто не ги доставил бараните документи до Антикорупциска и пак не ги доставил. Директорот на Агенцијата за филм, за кого Комисијата бара и кривична одговорност одбива да ги предаде записниците во кои е наведено на кој начин се доделувале државни пари за проекти. Бидејќи не ги добиле потребните документи Антикорупционерите беа приморани да ја запрат иницијативата за утврдување судир на интереси кај рецезенти, финансиски советник и членови на Управниот одбор.

*„Не е само она што го правиме, туку и она што не го правиме, за што одговараме. Молиер*

**Судскиот совет со пата-пата гласови не донесе одлука за делегирање на судијата Осман Шабани од Апелација во Кривичен –** „Со среќа нека е на предметите „Талир 1“ и „Титаник 1“. Се надевам дека нема да се дозволи да застарат. Вака претседателката на Судскиот совет, со доза на револт го искоментира исходот од гласањето на итната седница за делегирање на судијата Осман Шабани во Апелацискиот суд Скопје во Основниот кривичен суд Скопје за да ја доврши работата по овие два високопрофилни судски предмети, на кои им се заканува застарување. „Судскиот совет на РСМ известува дека на 475. итна седница одржана на ден 25.01.2024 година расправаше за потребата од времено упатување на судијата Осман Шабани од Апелационен суд Скопје во Основен кривичен суд Скопје, а со оглед дека станува збор за предмети од јавен интерес, но поради немање потребно мнозинство со 6 гласа ’за’ и 6 гласа ’против’ не се донесе одлука за времено упатување на судијата Осман Шабани од Апелацискиот суд Скопје во Основен кривичен суд Скопје“. **Унапредувањето ќе го потонеше случајот „Ласкарци“ -** Судијката од Кривичниот суд, Александра Ристовска положи заклетва за апелационен судија, но изостави да им каже на Судскиот совет дека има пресуда за предметот Ласкарци на 25

јануари, во кој таа е втор судија. Доколку таа не е во судечкиот совет и составот се промени, тогаш предметот на самиот финиш ќе се врати од почеток. Претседателката на Судски совет, Весна Дамева свика итна седница, за да ја делегираат судијката Ристовска сега од Апелација во Кривичен се до пресудата. Дамева вели претседателот на Кривичен не ја известил кога е пресудата, а Ристовска на денешната заклетва не кажала дека може да се загрози предметот Ласкарци кој е од сензитивно значење, доколку таа премине во Апелација.

***Корупцијата сè уште опстојува***

**Собранието на Северна Македонија го поткопа судството во 2023, објави „Транспаренси интернешнл“** - На ранг листата за Индекстот за перцепција на корупцијата Република Северна Македонија со 42 индексни поени е рангирана на 76 место од 180 држави. Ова сеуште е далеку под 50 поени на индексот за да поминеме во групата на државите кои до некаде успешно се борат против корупцијата. Во септември 2023 година, Собранието на Северна Македонија значително го поткопа судството, објави „Транспаренси интернешнл“ во својот најнов извештај за перцепција за корупцијата во јавниот сектор во 2023 година. „Во нетранспарентна и брза постапка пратеници го изменија Кривичниот законик со намалување на затворските казни и го скратија рокот на застареност за злоупотреба на службената положба“, се вели во извештајот. Во него се нагласува дека ова „ќе предизвика околу 200 сомнителни случаи на корупција да бидат отфрлени, од кои многу вклучуваат поранешни високи функционери“. Индексот користи скала на бодови од нула, што означува многу корумпирана земја, до 100 или некорумпирана земја. Северна Македонија има 42 бода. Рангирана е на 76 место од 180 држави.

***Невладините повикуваат на одговорност***

**Отворено писмо: Барање за целосно расветлување на насилниот инцидент во просториите на М-НАВ и заштита на сите оние кои со своето делување укажуваат или пријавуваат можни ризици од корупција -** Платформата на граѓански организации против корупцијата бара институциите на системот, во целост да ги расветлат деталите околу насилниот инцидент во М-НАВ, кој се случи на ден 4 јануари 2024 година. Сметаме дека сите оние кои во своето работно опкружување, особено во јавниот сектор, се залагаат и делуваат против партиски вработувања, без разлика на националната припадност при вработувањата, треба да бидат заштитени. Каков било напад по оние што се одлучиле да застанат во заштита на законитоста при вработувањата, претставува сериозна закана по доброто управување, борбата против корупцијата и клиентелизмот, и ќе делува обесхрабрувачки за идни слични потенцијални иницијативи на работните колективи во јавниот сектор. Борбата против корупцијата е должност на сите, па затоа иницијативите кои доаѓаат од јавниот сектор треба да бидат заштитени и поттикнати.

***Трендот на негативни извештаи продолжува, реакција од институциите...***

**Ревизорите во МО утврдиле системски слабости, слаба финансиска транспарентност и нецелосен попис -** Државниот завод за ревизија ги објави конечните ревизорски извештаи на Министерството за одбрана, во кои се наведени клучните утврдени состојби и системски слабости. ДЗР во делот за клучни утврдени состојби наведува дека вредноста на постојаните средства и залихите на материјали во финансиските извештаи не е реална и објективна, пописот на средствата и обврските не е целосно извршен, дел од постапките за

јавни набавки и реализацијата на дел од договорите не се вршат согласно законската регулатива, обврските кон добавувачите не се целосно прикажани во финансиските извештаи и оти работењето на Воено медицинскиот центар се финансира од сметката на Министерството.

***Кој го контролира непотиамот, кронизмот и клиентелизмот при вработување?***

**Ексдиректорот на М-НАВ Миѓен Селмани протнат на викенд-оглас за да си остане таму на плата, овојпат како сметководител -** Миѓен Селмани, поранешниот директор и член на Управниот одбор на М-НАВ, и покрај гаранцијата на министерот Благој Бочварски дадена пред Синдикатот на контролори на летање, сепак се вработил таму, и тоа на огласот што траеше само два дена во декември лани. За тој оглас ексдиректорот Фахрудин Хамиди тврдеше дека е грешка на Агенцијата за вработување. Селмани, како и многу други партиски кадри, е вдомен во М-НАВ сега како сметководител. На измислените и несуштински работни места за вдомување партиски кадри таму се земаат огромни плати. **М-НАВ: Испливаа на површина и роднинските врски** - Се шири мрежата на семејни врски на вработени во М-НАВ со актуелни и поранешни министри и политичари. Во М-НАВ се вработени сестрата на министерот за надворешни работи Бујар Османи, снаата на вицепремиерот Артан Груби и внукот на министерот за земјоделие Љупчо Николовски, како и роднини на поранешни министри и пратеници, објави „Код“ на Телма. Меѓу вработените во М-НАВ има и роднини на други функционери и политичари. Меѓу вработените се и снаата и синот на поранешниот пратеник на ДУИ, Ејуп Алими, внукот на советникот на директорот во М-НАВ, Беким Незири, кој е еден од осомничените за упадот во контролата на летање, а извори на „Код“ тврдат дека е вработен и внук на заменик-министерот за внатрешни работи Назим Буши. Роднините на Николовски и на Незири се вработени како помошници контролори, а во оперативниот дел работи и сестрата на министерот Бујар Османи. Останатите роднини работат во администрацијата на М-НАВ.

## **“МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА**

***„Танталови маки“ – се чини толку блиску, а сепак толку далеку***

**Автопатот Кичево-Охрид, најголема инфраструктурна инвестиција со “децениска“ изградба –** И покрај дополнителен заем од 180 милиони долари, пролонгирање на изградбата за 6 години и зголемување на вредноста на договорот за 45%, делницата Кичево -Охрид не е изградена. Недостатоци за проектната документација, нерешените експропријации на земјиштето како и недоволно обезбедените соодветни човечки и технички ресурси од страна на изведувачот, влијаеле на пролонгирање на изградбата и предизвикале дополнителен одлив на финансиски средства над првично договорените, што не е во согласност со пропишаниот правен стандард за постапување со должно внимание уреден со Законот за трговски друштва, стои во извештајот на ДЗР.

**ДКСК бара одговорност од Фондот за иновации, незаконски доделувал грантови меѓу кои и на внукот на Али Ахмети -** Антикорупционерите побараа од Владата да утврди одговорност кај органите на Фондот за иновации и технилошки развој, вклучувајќи го директорот Фестим Халили поради сомнежи за злоупотреба на законот поради доделените пет милиони денари на фирмите Тхор индустриес и Еверест ЦД, во сопственост на внукот на Али Ахмети, Дрин Ахмети. Злоупотребите велат се правеле противзаконски со кратењето на роковите за проектите, принцип по кој Фондот работел и во други случаи кои

не се поврзани со Дрин Ахмети.

**Џафери платил казна и продолжил да го прекршува законот -** Талат Џафери го прекршил Уставот и платил казна поради неспоивост на функциите. Според антикорупционерите, Џафери иако бил претседател на Собранието истовремено членувал и во партиските органи на ДУИ, поконкретно во претседателството на Генералниот совет на партијата. Од Антикорупциската комисија прашале дали и покрај платената казна Џафери се уште извршува партиска функција, но од ДУИ одговор не добиле.

**Антикорупциска ќе достави предмет до ОЈО за Ивица Коневски -** ДКСК донесе одлука да достави предмет до Основното јавно обвинителство, како и до Финансиска полиција, против екс градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, за искористување на градоначалничката функција и да го смени деталниот урбанистички план кај Мајчин дом и на местото каде било впишано зеленило, да се впише 9-катница. Од Антикорупциска го сомничат Коневски дека за лична корист – добивање на деловен простор од 312 метри квадратни, ја искористил функцијата градоначалник и место зеленило, нацртал зграда.

**ДКСК предметот „ДУП-от за „Треска“ го затвора и го предава на обвинителството -** На последната работна седница, пред да ги отстапат функциите на своите наследници овој состав го затвори и предметот за начинот на планирање на ДУП- от за „Треска“. На обвинителството му го предава предметот со констатирани сомнежи за корупција на фирмите кој пред 10 години го изработиле планот, за општината да го усвои спротивно на генералниот урбанистички план.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2024 ГОДИНА

**САД ги ставија Стевчо Јакимовски и Катица Јанева на црна листа за корупција -** Американскиот Стејт Департмент ги стави на црна листа поранешната специјална јавна обвинителка Катица Јанева и градоначалникот на Општина Карпош и претседателски кандидат на претстојните избори Стевчо Јакимовски. По повод означувањето, од Стејт Департментот велат дека двајцата со нивните дејствија го поткопале владеењето на правото и довербата на јавноста во демократските институции.

**Злоупотреби: ОЛАФ бара Македонија да врати 2,2 милиони евра -** Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ) бара да се вратат 2,2 милиони евра од Северна Македонија злоупотребени преку програмата Еразмус+ во периодот од 2016 до 2018 година. Генералниот директорат за образование млади, спорт и култура на Европската комисија, на 30 ноември 2023 година испратил известување до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност со барање за поврат на средствата, а во текот на март одлуката станала конечна. Предметот е во кај Јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, но поради предистражната постапка која се води, не може да соопшти повеќе детали.

**„ГРЕКО“ со критика за неказнивоста на обвинителите и потеклото на имот на пратениците, судиите -** Влијанието на политиката врз судството, неказнивоста на обвинителите и одврзани раце на Антикорупциска за длабоко да копа во имотите на судиите, обвинителите и пратениците, ова се забелешките за Македонија во најновиот извештај на ГРЕКО, групата држави што се бори за спречување на корупција во Советот на Европа. ГРЕКО забележува дека Македонија досега се уште не ја имплементирала препораката за зајакнување на независноста на судството од политичко влијание, но и укинувањето на членството на министерот за правда во Судскиот совет по службена

должност.

**Низа недоследности од страна на МОН утврди Државниот ревизор во Извешатјот за условите во студентските домови и за студентскиот стандард -** Државниот ревизор во извештајот за условите во студентските домови и студентскиот стандард утврдиле низа недоследности од страна на МОН. Со извештајот опфатен е периодот од 2019-2022 година, а забелешките главно се однесуваат на лошиот стандард на студентите, намалениот број на студенти, како и слабости при доделувањето на студентските стипендии.

**Извештај на Државниот завод за ревизија за Јавното претпријатие за државни патишта-** Државниот завод за ревизија - Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Не се решаваат случаи на денационализација -** Повеќе од 4,000 предмети чекаат во фиока со години station наназад, а последната година бројот на поплаки е огромен, обвинува дополнителната заменик министер за финансии Петрова. Зошто Комисиите не работат и колку предмети се решени, не добила одговорот од министертот за финансии. Се сомнева дека неисплатениот хонорар од јануари лани, или цела година и 2 месеци, е една од причините, но и неадекватното обрзаование на лицата кои се ставени да одлучуваат во овие комисии. Сега институцијата се соочува со тужби од нив и плаќање високи трошоци и камати.

**Тендери без конкуренција и бројни сомнежи за корупција – Како се трошат народните пари?! -** Нетранспарентни постапки, отсуство на конкуренција и бројни сомнежи за неконтролирана корупција. Анализите на спроведените постапки за јавни набавки покажуваат дека секој трет тендер во периодот од јануари до јуни минатата година, е склучен во постапка во која учествувала само една фирма. Овие податоци се дел од најновиот Извештај од редовниот мониторинг на јавните набавки, на Центарот за граѓански комуникации. Оттаму нотираат дека договори во вкупна вредност од 283 милиони евра, се склучени во постапка во која учествувала само една фирма.

**Властите да не ги кријат од УНЕСКО дивоградбите во националниот парк „Галичица“ и во охридскиот регион, бара невладиниот сектор -** Граѓанските организации од Охридско-Струшкиот Регион се жалат на нетранспарентност на македонските институции и дека се недоволно вклучени во доставување на извештаите за состојбата со заштитата на Охридскиот Регион, кои се испраќаат до Центарот за светско наследство на УНЕСКО како одговор на забелешките на реактивните мисии кои го посетуваат овој регион. Велат дека треба да бидат активно вклучени за да се споделат реалните факти кои одговараат на состојбите на теренот. Ндерим Положани од невладината „Капс Струга“, вели дека државата нема комуникација со невладиниот сектор, иако тоа е според препораките на УНЕСКО.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2024 ГОДИНА

**Сериозна владина корупција и политички унапредувања во судството и обвинителството, забележа Стејт Департментот во извештајот за македонија -** Сериозна владина корупција е еден од значајните проблеми со кои се соочува Северна Македонија, се вели во извештајот на американскиот Стејт Департмент за состојбата со човекови права во земјата за 2023 година. „Нема значителни промени во ситуацијата со

човековите права во Северна Македонија во текот на изминатата година“. Стејт Департментот вели дека владата презела ограничени чекори да ги идентификува и казни функционерите кои можеби направиле прекршувања на човековите права. Во септември, Владата усвои измени на Кривичниот законик, значително намалувајќи ги казните за кривичните дела поврзани со корупција“, велат од Стејт Департментот.„Кредибилни извештаи за неказниви судски злоупотреби, неадекватно финансирање, отпор кон користење законски пропишана технологија и недостиг на персонал ѝ наштетуваат на ефективноста на судството и ја нарушуваат довербата на јавноста во владеењето на правото. Анкетите покажуваат дека јавноста не верува во судството. Унапредувања со политичко влијание, без заслуга и транспарентност се случуваа во судовите и во обвинителството.“, велат од Стејт Департментот.

**Фридом Хаус: Назадување во владеењето на правото и борбата против корупцијата во Северна Македонија -** Северна Македонија покажува назадување во владеењето на правото и борбата против корупцијата. Овие се клучните забелешки во најновиот извештај „Државите во транзиција“ (Nations in Transit) на организацијата Фридом хаус. Извештајот предупредува на долготрајната корупција на високо ниво во Северна Македонија, а го забележува и судирот на партиите околу уставните амандмани потребни поради бугарското вето за пристапување на земјата во Европската Унија.„Дефинитивната карактеристика на цикличните хибриди е комбинација на вистински политички плурализам и површни институционални промени. Тие имаат тенденција да заостануваат во однос на реформите насочени кон воспоставување силни бариери помеѓу јавниот сервис и приватната добивка. Затоа е од суштинско значење да се промовираат антикорупциски механизми и судски реформи во овие земји, а процесот на пристапување во ЕУ има важна улога во овој поглед“, се објаснува во извештајот.

**Управниот суд пресуди – Академијата за судии и јавни обвинители треба да го запре процесот на селекција -** Одлуката на Антикорупциската комисија со која на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ со која и се наложува да го запре процесот на обука и селекција на кандидати е правно издржана. Управниот суд донесе пресуда со која се потврдува одлуката на Антикорупционерите. Судирот меѓу Академијата и Антикорупциската комисија дојде по доставен приговор дека се крши изборниот законик и ДКСК два пати носеше одлука дека селекцијата на кандидати мора да запре до завршување на изборниот процес односно избор на претседател, пратеници и Влада.

**Управен поништи над 3.000 решенија за унапредување и вработување -** Управниот суд ги поништи решенијата за вработување и унапредување на над 3.000 вработени во Министерството за финансии и јавниот сектор, бидејќи се прекршил Законот за техничка влада, соопшти заменик-министерката за финансии, Елена Петрова. Според неа, иако одлуките морале да бидат одобрени со нејзин потпис, како што предвидува Законот за техничка влада, министерот Бесими ги потпишал сам. Петрова, нагласи дека најголем дел од процедурите за вработување и унапредување започнале пред формирањето на техничката влада.

**Граѓаните се жалат кај Омбудсманот дека долгите предистражни постапки на ОЈО Скопје ги застаруваат кривичните дела -** Забелешките на граѓаните во однос на долготрајноста на предистражните постапки кои се водат пред Основните јавни обвинителства и неинформирањето, односно неизвестувањето за текот на постапката се причина поради која граѓаните да му се пожалат на народниот правобранител. Најголем број забелешки граѓаните имаат до Основното јавно обвинителство, а помалку кон Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Во 2023 година во областа која се однесува на работата и постапувањето на обвинителствата поднесени се 63 претставки од кои најголем најголем број, односно 51 се на адреса на ОЈО.

Препораката од омбудсманот е дека сновните јавни обвинителства треба да постапуваат поажурно и навремено да преземаат дејствија, да го почитуваат рокот од 3 месеци и доколку не донесат јавнообвинителска одлука да го известуваат повисокиот јавен обвинител и пријавителот, за да нема сомневање и страв дека гонењето ќе застари.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2024 ГОДИНА

**Врховен судија и член на Советот на обвинители под истрага за примање поткуп -** Активен врховен судија е уапсен поради примање поткуп, а претрес е извршен и во канцеларијата на член на Советот на јавни обвинители поради поврзаност со истото дело. Судија на претходна постапка при Основниот кривичен суд Скопје му одреди 30 дена притвор на врховниот судија Наке Георгиев, откако тој беше уапсен поради наводно примање поткуп од 10.000 евра, односно за делото примање награда за противзаконито влијание. Сомнежите се дека Иџет Мемети заедно со Наке Горгиев имал влијание злоупотребувајќи ја позицијата член на Советот на јавни обвинители во случајот барање на мито за олеснителни околности за ексградоначалникот на Ново Село, Боро Стојчев, познат како „Боро Марлборо“.

**ДКСК покрена иницијатива за утврдување одговорност за директорката и Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители -** Антикорупциската комисија информираше дека покренува иницијатива до сите надлежни институции за утврдување на одговорност за директорката и Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители поради прекршување на Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, како и на Изборниот законик. Надлежните институции имаат рок од 60 дена да ја разгледаат и да постапат по оваа иницијатива.

**Поднесено обвинение за распределбата на спортските ваучери, за 12 лица -** Обвинителниот предлог е по иницијатива на Антикорупциската комисија која лани во февруари соопшти дека постојат сомневања дека директорот на Агенцијата за млади и спорт и члeновите на Централната комисија за доделување на ваучерите во 2020, 2021 и 2022 година ја искористиле службената положба и спротивно на законите извршиле распределба на средства, со што го оштетиле буџетот на државата, но и лицата што имале законско право на вакви средства, а не им биле доделени. **Случај „Спортски ваучери“ – Мојсоски, Каевски и Димевски ќе се јавуваат во суд, но ќе ги задржат пасошите -** Делумни мерки на претпазливост добија актуелниот и претходниот директор на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсоски и Дарко Каевски, како и првиот човек на Македонскиот олимписки комитет Даниел Димевски и уште 9 лица кои се обвинети за злоупотреби со доделувањето на спортските ваучери. Кривичниот суд им наложи на сите 12 обвинети еднаш неделно да се јавуваат кај определено службено лице во судот.

**Антикорупциска до избраните функционери- функцијата претседател на влада и министер е неспоива со вршење други јавни функции -** Уставот и законите треба подеднакво да важат за сите граѓани на државата, вклучувајќи ги и актуелните, но и претходните функционери, поради што се повикуваат лицата кои се на највисоки државни функции и вршат јавни овластувања, на обврската за почитување на начелата за законитост и интегритет, соопштија од антикорупциска. Воедно, истото претставува прекршок за кој согласно законот за спречување на корупција и судир на интереси се изрекува прекршочна санкција.

**ДЗР: Неефикасно управување и стопанисување со државниот недвижен имот -** Законската регулатива не создава услови, а активностите на надлежните институции не обезбедуваат ефикасно управување и стопанисување со државниот недвижен имот –

станбен и деловен имот, соопштија од Државниот завод за ревизија (ДЗР), којшто изврши ревизија на успешност на тема „Управување со државниот имот“ со цел да се даде одговор на прашањето „Дали надлежните институции управуваат и стопанисуваат со државниот недвижен имот – деловни и станбени објекти на државата на ефикасен начин?“ Како што се посочува во соопштението од ДЗР, со ревизијата е оценето дека постојната законска регулатива, мерките и активностите кои се преземани од Владата и другите надлежни институции не овозможуваат ефикасно управување и стопанисување со државниот недвижен имот – деловни и станбени објекти на државата.

**Лошиот третман кон затворениците и корупцијата и натаму проблем во македонските затвори, апелира Советот на Европа -** Во казнено-поправните установи во Македонија се направени подобрувања во однос на хигиената и состојбата во ќелиите, но и натаму е непроменет третманот кон лицата лишени од слобода од страна на полицијата и присутна е корупцијата меѓу затворскиот персонал, се посочува во најновиот Извештај на Европскиот комитет за спречување на тортура и нехумано или понижувачко постапување или казнување при Советот на Европа. Условите, како што се наведува во извештајот, се влошуваат и поради широко распространетата корупција и фаворизирање на одредени затвореници од страна на персоналот со што се поткопува правилното функционирање на установата.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2024 ГОДИНА

**Извештај на Министерството за култура: Криминали и кривични дела во Агенцијата за филм -** Бројни се кршењата на законските одредби, непочитувањата на процедурите, на кодексите и етичките норми, неселективност во работата, тесна спрега меѓу Управниот одбор на Агенцијата за филм со одговорните лица во Друштвото на филмски работници на Македонија, седум години едни исти лица кои со во деловни врски со ДФРМ одлучуваа за парите на Агенцијата за Филм. Ова е само мал дел од извештајот на Работната група за утврдување на состојбите во Агенцијата формирана од министерот за култура. Контролата била извршена во текот на април и мај 2024 година. Од овој извештај може да се заклучи дека се сторени десетина можни кривични дела за злоупотреба на службената положба или несовесно работење на службата заради кои е оштетен државниот буџет. Наведени се бројни случаи на непотизам и клиентелизам.

**ДКСК: Застареа околу 80 предмети – функционери ниту поднесоа анкетен лист, ниту платија глоба -** Околу 80 предмети отворени во 2021 година по сопствена иницијатива и по увид во својата евиденција, членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на шестата седница донесоа одлуки да се затворат и архивираат поради застареност. Станува збор за случаи на именувани службени лица главно за членови на управни и надзорни одбори на јавни претпријатија, здравствени институции, клиники, казнено-поправни институции и други државни институции кои по престанокот на функцијата не го испочитувале законски утврдениот рок од 30 дена да поднесат анкетен лист за имотната состојба до ДКСК. За овие случаи ДКСК во законски утврдениот рок не поднело прекршочна постапка, па настапила застареност за прекршочно гонење поради што, констатираа антикорупционерите, не може да се поведе или да се води постапка, бидејќи согласно Законот за прекршоци (чл. 41) „прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот“.

**ДКСК ќе бара одговорност од Демири – незаконски ги разрешил директорите на Токсикологија и Кардиохирургија -** Според антикорупционерите, за двете разрешувања не биле почитувани процедурите за разрешување од функцијата, односно, како што велат од ДКСК, требало да има предлози за разрешување од Управните одбори до Здравствените

совети на двете клиники. Министерот за здравство Илир Демири незаконски ги разрешил медицинскиот директор на Клиниката за токсикологија Данил Петровски и директорот на државната Кардиохируригија, Марјан Шокаровски. Антикорупциската комисија констатирала дека со двете одлуки на министерот за здравство Демири се прекршени Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и Законот за здравствена заштита, како и дека е повреден Изборниот законик, со оглед дека директорите биле разрешени со решенија донесени на 14 мај и 27 мај, пред усвојување на заклучокот за завршување на парламентарните избори од 30 мај 2024 година.

**ДКСК: Градоначалник си ја унапредил сопругата во советник во неговата општина -** Градоначалник на отворен јавен оглас унапредил својата сопруга од работно место соработник во советник со што го прекршил Законот за спречување на корупција. Од ДКСК на 6та седница информираа дека градоначалникот ја доставил бараната документација за тоа дали неговата сопруга е вработена во општината и целта постапка за нејзино унапредување, при што било констатирано од Антикорупциска дека го прекршил законот. ДКСК констатирала прекршок и градоначалникот ја платил глобата со што случајот запира, бидејќи повеќе институцијата нема надлежност да постапува понатаму. Антикорупциска информираше и дека службено лице кое поднело изјава за интерес во институцијата вршело две функции спротивно на законот. Имено лицето по укажувањето на ДКСК поднело документација дека е разрешено од функцијата- член на Управен одбор по што ја платило и глобата за прекршокот со што се затворил случај.

**Анкета на Стопанска комора: Централната и локалната власт барале мито од приватниот бизнис -** Се бројат на прсти компаниите кои пријавиле корупција, плашејќи се да не пропадне бизнисот или пак водејќи се со помислата дека системот нема ништо да реши и во случај да пријават. Ова го покажуваат најновите резултати од Анкетата со приватниот бизнис сектор за корупција, која ја спроведе Стопанската комора во март годинава, а се однесува на 2023 година. Централната власт е најголем подмитувач на бизнисот. Обидувајќи се индиректно да бара пари, процент од тендери, нечие вработување или унапредување, донација за политичка партија, подароци. На меѓународното рангирање, Македонија е на 76-то место.„Корупцијата некогаш го кородира општеството од внатре, така што прашање е и на национална сигурност, дали ќе имаме или немам безбедност. Со еден збор корупцијата е канцер на општетството. На пет компании им биле побарани над 100 000 евра, а од некои, кои учествувале на тендер, биле побарани 6-10% од износот на тендерот.“ - м-р Зоран Јовановски советник на претседателот на СКСМ.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2024 ГОДИНА

**Обвинителството истражува двајца кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители -** Досиеја за еден поранешен и еден актуелен кандидат на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ се меѓу одземените работи за време на остварениот претрес во оваа институција, соопшти Обвинителството за гонење организиран криминал и корупција. Предметот бил отворен „благодарение“ на податоците што обвинителството ги добило од телефонот на осомничениот врховниот судија Наќе Георгиев против кого веќе се води случај за кривичното дело „примање награда за против законито влијание“. Анализата на телефонот, како што велат, довела до „сознанија што упатуваат на можно сторување на друго кривично дело“. „Како резултат на тоа, предметниот обвинител со цел да ги испита ваквите индиции оформи предмет со кој достави барање до судијата на претходна постапка при Основен кривичен суд Скопје за одземање на два мобилни телефони од лице вработено во Академијата за судии и јавни обвинители, како и видеозапис и две досиеја за еден поранешен и еден актуелен кандидат

на Академијата“, велат од Обвинителството.

**Има висок ризик од корупција во многу области во Северна Македонија, вели нов извештај на ЕК -** Независноста на судството и институционалниот капацитет за негова заштита од влијание остануваат сериозна загриженост, нотира извештајот на Европската комисија за владеење на правото во Северна Македонија за 2024 година. Нивото на перцепција за независност на судството е многу ниско и покрај реформите во судството и новата стратегија, која има за цел да ја подобри независноста, ефикасноста и професионалноста на судството. Во него се вели дека е воспоставена сеопфатна национална антикорупциска стратегија, но оти нејзината имплементација заостанува. Високиот ризик од корупција останува распространет во многу области.

**Шест пратеници од новиот парламентарен состав не поднеле изјава за имотна состојба до ДКСК -** Според податоците на ДКСК шест пратеници воопшто не доставиле изјава. За нив покренато е поведување на прекршочна постапка, вели претседателката на Државната комисија за спречување корупција, Татјана Димитровска.

**Заменик-министер во техничката влада донел 189 спорни решенија за распоредување на вработени –** Заменик-министер во техничката влада донел 189 решенија за распоредување, со што наводно ги прекршил законските одредби. Државната комисија за спречување на корупцијата планира да покрене судска постапка против поранешниот функционер. Посочениот заменик-министер е Назим Буши, според Димитровска, Буши од 31 мај до 23 јуни 2024 година донел 98 решенија за хоризонтални распоредувања, 68 за унапредување и 23 решенија кои резултирале со намалени основни плати за вработените. Овој период беше одбележан со избор на нова влада.

**Ревизорите нижат извештаи, обвинителите отвораат предмети -** Од 40 предмети поврзани со ревизорски извештаи, за кои ДЗР пред неполни два месеци барал податоци од Обвинителство, „Онкологија“ е единствениот што е во фаза на истрага, дел се затворени бидејќи немало основ за кривично гонење, а во повеќто се уште траат проверките. Додека се чека епилог, Обвинителството тврди дека ги разгледува сите извештаи на ревизорите. Јавното претпријатие „Железници – Инфраструктура“, Јавното претпријатие за државни патишта, како и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, познато како „Македонија пат“, периодов се мета на проверка од скопските обвинители. Овие три институции изминатиот период беа опфатени во извештаите на Државниот завод за ревизија.

## **“МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2024 ГОДИНА**

**Quod licet lovi, non licet bovi**

**Врховниот судија Наќе Георгиев се спогоди со обвинителство, прифати тригодишна затворска казна за мито од 15.000 евра -** Врховниот судија Наќе Георгиев се спогоди со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во врска со случајот за земање мито од синот на експрадончалникот на Ново Село Боро Стојчев и прифати да му биде изречена казна затвор во траење од три години, како и Забрана за вршење професија, дејност или должност на службено лице во период од три години. Во истиот случај, спогодба со обвинителството склучи и членот на Советот на јавни обвинители Ицет Мемети, кој доби една година затвор условно и истата Забрана за вршење професија, дејност или должност на службено лице во период од три години.

**Ицет Мемети призна вина и се спогоди со обвинителство -** Членот на Советот на јавни

обвинители и поранешен Народен правобранител, Иџет Мемети признал вина за примање награда за противзаконито влијание и се спогодил со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за условна казна. Мемети доби и забрана за вршење на дејноста во наредните три години. Тој до Собранието поднел неотповиклива оставка како член на Совет на јавни обвинители.

**РЕАКЦИЈА: Платформата на граѓански организации за борба против корупција бара да се врати во функција порталот „Отворени финансии“ -** Платформата на граѓански организации за борба против корупција остро го осудува оневозможениот пристап на јавноста до информациите од Трезорот и бара итно да се врати во функција порталот „Отворени финансии“. Платформата бара од Министерството за финансии да се овозможи непречен пристап, континуирано и навремено ажурирање на податоците на порталот „Отворени финансии“ и нивна достапност во отворен формат, како што и беше досегашната практика. Порталот „Отворени финансии“ на кој се објавуваат податоците за реализација на трансакции на сите буџетски корисници на Буџетот на Република Северна Македонија, последен пат е ажуриран на 17.6.2024 година. Согласно преземените обврски во рамки на Партнерството за отворена власт и досегашната пракса, податоците на порталот се ажурираат два пати во текот на месецот, што значи дека повеќе од два месеци порталот не ја извршува својата функција.

**Сервисот што го нудеше www.time.mk каде што можеа да се следат сите склучени договори, односно тендерите што ги склучуваат државните и јавните институции, по 12 години, веќе не постои -** Бирото за јавни набавки го укина бидејќи наводно им се оптеретувал сајтот. Како што вели основачот на Тајм.мк, Игор Трајковски причината е што од Бирото за јавни набавки сметале дека „таквиот пристап го оптеретувал сајтот и не им дозволувал нормално користење на регистрираните корисници“. Биле упатени податоците да ги симнуваат рачно, или да ги пренасочуваат заинтересираните корисници на нивниот сајт.

**ДКСК со врзани раце: 826 институции без доставени информации, меѓу кои и 10 министерства -** Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) се соочува со сериозни предизвици во одржувањето на транспарентноста и отчетноста во изборниот процес за 2024 година. Во својот најнов извештај, ДКСК алармира дека поради правни празнини во законската регулатива, Комисијата не може да покрене прекршочни постапки против оние кои не ги доставуваат потребните податоци. Она што е најзагрижувачко е фактот дека дури 826 институции не ги доставиле потребните информации, меѓу кои и 10 министерства. Ова укажува на сериозен недостаток на транспарентност и може да се интерпретира како обид за прикривање на потенцијални неправилности. Изборниот законик, исто така, е предмет на критика во извештајот. ДКСК укажува на слабости во правната и административната рамка, кои создаваат ризици за корупција.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**ДКСК оформила 65 предмети за повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата во врска со изборната кампања 2024** – Во периодот на изборниот процес Државната Комисија за спречување на корупција оформила вкупно 65 предмети, кои се резултат на пријави за сомневање за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата, предмети оформени по сопствена иницијатива на Комисијата, како и приговор поднесен од организатор на изборна кампања.

**ДЗР утврди низа неправилности во финансиското работење на Универзитетската**

**клиника за неврологија -** Државниот завод за ревизија во својот конечен извештај финансиското работење во 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резервирано мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива. Во дел од спроведените постапки за јавни набавки била констатирана несоодветна примена на Законот за јавни набавки.

**Недоследности во управувањето со буџетските средства и судските депозити, нотираа ревизорите -** Ревизорскиот извештај за финансиското работење на Основниот граѓански суд Скопје за 2023 година открива сериозни системски слабости и недоследности во управувањето со буџетските средства и судските депозити. Според наодите, Судската власт не го добива законски утврдениот процент од буџетот на државата, а дел од финансиските документи не се комплетни или се застарени**.** Дополнително, ревизорите откриле недостиг на веродостојни сметководствени документи за недвижностите во кои е сместен судот, како и договор за закуп на деловна просторија од 1989 година, кој не е ажуриран со новиот валутен режим. Ревизијата исто така укажува на проблеми со судските депозити, кои датираат од периодот 2005-2023 година, а нивниот статус не е правилно утврден. Ова го отвора прашањето за транспарентноста и управувањето со судските средства.

**Истражување на ЦГК: На тендерите често има корупција, најмногу поради политички интереси и поткуп -** Анализите на Центарот за граѓански комуникации велат дека најголем дел од лицата вклучени во јавните набавки во институциите или 56 отсто сметаат дека фирмите се поголеми генератори на корупција отколку институциите и вработените во нив, а 16 отсто сметаат дека двете страни ја генерираат корупцијата. Во постапката за јавни набавки во државните институции често има корупција, велат лицата задолжени за јавни набавки во институциите за спроведување на овие постапки. Таа е најприсутна како последица на политики интереси, но и во форма на поткуп. Поголем генератор на корупција се фирмите што се пријавуваат на тендерите отколку луѓето во институциите. Ова го покажуваат податоците од Извештајот од редовниот мониторинг на јавните набавки, објавен од Центарот за граѓански комуникации.

**13 граѓански организации бараат измени во Законот за урбанистичко планирање –** До пратениците во Собранието О2 иницијатива и 12 други граѓански организации доставија предлог закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, во насока на зголемување на транспарентноста на постапката на донесување на урбанистички планови и одобрување на урбанистички проекти со цел зголемено и навремено учество на јавноста, Советот на општината и со тоа намалување на ризиците од корупција.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2024 ГОДИНА

**Европската Комисија препорачува да се донесе нов Кривичен Законик откако измените од септември 2023 влијаеа негативно на борбата против корупцијата -** Европската комисија препорачува да се донесе нов Кривичен законик во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди, во годишниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија. Од ЕК забележуваат дека „измените на Кривичниот законик од септември 2023 година ја ослабнаа правната рамка, негативно влијаејќи на гонењето на корупцијата, особено во случаите на високо ниво“. Во септември 2023 година беа направени измени на КЗ со кои се укинаа и намалија затворските казни за функционерите фатени во криминал. „Многу тековни случаи беа прекинати или поради истечен рок на застареност или поради тоа што конкретни прекршоци, како што е злоупотребата на службената положба при јавните набавки, веќе не постојат“, се вели во извештајот на ЕК.

Освен нов КЗ, од ЕК препорачуваат и да се подобри имплементацијата на националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и да се обезбедат човечки и финансиски ресурси на Основното јавно обвинителство за организиран криминал, како и да подобри проверката на имотните листови на избраните и именуваните функционери и надзорот над финансирањето на изборната кампања. **Во делот за корупцијата, во извештајот се вели дека земјата е помеѓу одредено ниво на подготовка и умерено ниво на подготовка и не постигнала напредок во превенцијата и борбата против корупцијата. „Корупцијата останува распространета во многу области и е прашање што предизвикува сериозна загриженост“, се вели во извештајот.**

**Владата треба да биде транспарентна кога се во прашање советниците на Премиерот -** "И по протекот на повеќе месеци владата нема објавено кој се лицата кои се советници на премиерот Мицкоски. Владата мора да ги објави имињата, хонорарите и работните обврски на советниците на премиерот. Граѓаните и пошироката јавност имаат право да знаат кој го советува премиерот во насока на креирање на политиките кои не засегаат сите. Секако дека кај јавноста не објавувањето на имињата и хонорарите на советниците на премиерот остава сомнеж за постоење на кронизам и непотизам, меѓутоа не секогаш партиската припадност и блискоста значат кронизам и непотизам по автоматизам. При дефинирањето на кронизмот и непотизмот, многу е битно дали единствен критериум за избор е партиската припадност и блискоста или критериум е способноста, и успешноста на советникот во областа за која се избира. Токму затоа доколку владата сака да ги тргне сите дилеми и сомнежи околу советниците на премиерот, мора во најкраток рок да ги објави имињата, хонорарите и областа на избраните советници."

**Загрижува одлуката за тајно гласање на управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители за изборот на директор -** Блуупринт групата за реформи во правосудството изрази загриженост за одлуката на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители да го изврши изборот на Директор на Академијата по пат на тајно гласање со можност за избор на повеќе кандидати, без притоа да даде соодветно објаснување зошто е неопходно гласањето да биде тајно. Неспорно е дека кандидатот кој што е избран е можеби најсоодветниот за оваа позиција, но без овозможување на јавно гласање и соодветна дискусија и образложение на одлуката за избор на кандидатката доведен е во прашање легитимитетот на изборот кој што не е спроведен во транспарентна постапка што дополнително може да влијае на и онака ниската доверба во судството. **Членови на Судскиот и Советот на јавни обвинители се избрани и за членови во Управниот одбор на АСЈО, реагираат од Коалицијата „Сите за правично судење“ -** „Се поставува прашањето дали членовите на Советите како дел од Управниот одбор на Академијата може да одлучуваат по приговорите на кандидатите, а истовремено да одлучуваат и во рамки на Советите за избор на тие кандидати за судии и јавни обвинители, без тоа да претставува судир на интерес и акумулација на одлучувачка моќ“, прашуваат од оваа коалиција. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на седниците одржани на 24 и 29 месецов назначија членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Но, наместо тоа да бидат судии и јавни обвинители, обата совета одлучија во УО на АСЈО да постават свои членови, реагираат од Коалицијата „Сите за правично судење.

**Разрешен судијата Лазар Нанев, 97 пати се јавувал на обвинет во предмет што тој го судел -** Судскиот совет на затворена седница за јавноста го разрешил судијата од кавадречкиот суд Лазар Нанев, за 97-те јавувања во неколку дена на странка (обвинет), во предмет што го судел лично тој. Уште лани Вишиот јавен обвинител на Скопје Мустафа Хајрулахи го пријавил Нанев во Судскиот совет, обезбедувајќи доказ-листинг од јавувањата по телефон од страна на судијата Нанев. За притисоци и недолично однесување него го пријавила и обвинителка од Кавадарци.

**ДЗР со неповолен извештај за Министерството за култура: 318 милиони денари исплатени за културни проекти, без јасно дефинирани критериуми -** Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за култура за 2023 година. Во објавените конечни ревизорски извештаи на Министерството за култура, се посочува дека се утврдени состојби, неправилности и неусогласености кои влијаат на издаденото неповолно мислење на овластениот државен ревизор во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики. **Државната ревизија утврди неправилности во спроведување на пописот на залихите на лекови и матерјали на Онкологоја како и управување со истите -** Државната ревизија утврди неправилности во спроведувањето на пописот на залихите на лекови и матерјали на Онкологоја како и управувањето со истите. Недостасува вредносно усогласување на сметководствената евиденција за лекови и материјали со фактичката состојба, а евидентирањето на приемот и издавањето на лековите од аптека до организационите единици се врши со задоцнување. Исто така, не се внесуваат податоци за вредноста на лековите примени преку донации, што влијае на целосноста на податоците во Билансот на состојба. Во текот на 2023 година Клиниката примила лекови во вредност од 33 милиони денари по основ на донации, но овие податоци не биле внесени во финансиската евиденција.

**Застаре и третата затворска казна на Груевски но има уште 20 години за чекање -** На поранешниот премиер Никола Груевски на 4 октомври годинава му застарува двегодишната затворска казна за случајот „Тенк". На Груевски му преостанува да одлежи една и пол година затвор за случајот „Насилство пред Општина Центар", која му застарува за три години, односно во 2027 година, како и девет години затвор за случајот „Плацови на Водно", дело кое што му застарува во 2043 година.

## "МАТНИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**ДКСК одлучи дека незаконски се назначени 4 нови членови на УО на Академијата за судии и јавни обвинители –** Државната комисија за спречување на корупција одлучи дека незаконски се назначени 4 нови членови на УО на Академијата за судии и јавни обвинители. Судскиот совет и Советот на јавни обивнители номинираа челнови на советите кои доагаат од судската и обивнителската фела но според ДКСК тоа е спротивно на законот за спречување коруцпија и законот за акадмеијата затоа што требало да назначат активни судии и обвинители. Недозволената кумулација на моќ е потенцијален судир на интереси сметаат антикорупционерите кои ќе побараат од двата совета да ги стават вон сила одлуките со кои челновите на судски Антоанета Димовска и Хаиф Зендели и претседателката на обивнителскиот совет Душица Димитриеска се номинирани за нови членови на Управниот одбор на Академијата.

**ДКСК бара дисциплинска постапка за член на Судскиот Совет, барал одговорност за врховни судии за предмет во кој адвокат била неговата сестра -** Државната комисија за спречување на корупцијата ќе поднесе иницијатива до Судскиот совет и до Здружението на судии за дисциплинска постапка против член на Судскиот совет поради „судир на интереси" и поради „пристрасност при вршењето на функцијата". Причина е што тој бил иницијатор да се поведе постапка за утврдување на одговорност на судии во Врховниот суд, кои постапувале во предмет во кој адвокат била неговата сестра. ДКСК констатира дека, пошироко гледано, игнорирањето на судири на интереси на членовите на Судски совет, кои всушност вршат надзор и контрола на работењето на секој судија во државата,

создаваат можност од влијание и вршење притисок врз судиите кои постапуваат во постапките каде што членовите на Судскиот совет имаат блиски лица. Со тоа на директен начин се влијае на самостојноста и независноста на судската власт, која треба да ја гарантира токму Судскиот совет. Според ДКСК, членот на Судскиот совет постапил спротивно на членовите 73 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со што сторил прекршок, за што Комисијата ќе поведе постапка за издавање прекршочен налог.

**ДКСК иницира постапка против Костадиновска-Стојчевска за која утврди дека користела државни пари за приватни цели на службено патување во Британија -** Поранешната министерка за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска користела службени средства за приватни цели при нејзиното службено патување во Велика Британија во периодот од 24 до 27 октомври минатата година. Ова го констатира Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), откако по допрен глас отвори предмет за случајот во август годинава.

**Ќе се утврдува одговорност за судијата Пајазити, Судскиот совет донел одлука на затворена седница -** Судскиот совет на седница донел одлука за постапката за утврдување на одговорност на судијата Пајазит Пајазити, иницијатива која се однесува на постапувањето на судијата за притворот на поранешниот војник на ОВК, државјанин на Косово, Блерим Рамадани. Првата иницијатива за утврдување одговорност кај судијата Пајазити беше отфрлена од советот поради немање доволно докази. Одлуката е донесена на затворена седница и без присуство на новинари.

**Градежна инспекторка примала поткуп за да не издава пријава за нелегален објект – поднесена кривична пријава -** Кумановското јавно обвинителство одреди притвор за градежната инспекторка од Општина Куманово која беше затекната како прима поткуп. Истрагата е поведена бидејќи осомничената на 1 ноември, во еден ресторан во Куманово, во својство на службено лице – градежен инспектор во Општина Куманово – Сектор за градежен инспекциски надзор, побарала и примила подарок за да не изврши службено дејствие што би морала да го изврши со што прибавила поголема имотна корист.

## "МАТНИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**Груби и Беџети со корупција го спасувале Мијалков од затвор -** Американскиот Стејт Департмент ги стави на „црната листа" поранешниот вицепремиер и висок функционер на ДУИ, Артан Груби и судијата во Апелацискиот суд Енвер Беџети. Според соопштението на американското министерство за надворешни работи, двајцата биле вмешани во „значителна корупција" со прифаќање мито за уривање на судските процеси против поранешниот директор на УБК, Сашо Мијалков. Мијалков, меѓу првите, уште во 2022 година се најде на црната листа на САД, исто така поради корупција. На најновата листа се најдоа и членовите на најтесното семејство на Артан Груби. Согласно одлуката, Груби и Беџети нема да смеат да влегуваат во САД, а визите, доколку ги имаат, ќе им бидат поништени.

**Не е конфликт на интерес тоа што антикорупционерката која го водеше случајот за Директорот на АНБ била наставник на факултетот чија диплома му беше оспорена со преставка, вели ДКСК -** Приватниот универзитет „Скопје", поранешен Универзитет за туризам и менаџмент ја отстрани сликата на Цвета Ристовска, која е членка на Државната комисија за спречување на корупција од списокот на наставен кадар, откако *ТВ „Телма"* постави прашања дали е конфликт на интерес тоа што баш Ристовска го водеше предметот за директорот на Агенцијата за национална безбедност, Бојан Христовски. Неколку часа подоцна, Универзитетот ја врати сликата на Ристовска на страната каде што е

објавен наставниот кадар. Дел од предметот за Бојан Христовски беше и претставка за неговата факултетска диплома, добиена на факултет и универзитет каде во тоа време дел од наставен кадар била токму Цвета Ристовска. Токму нејзе ѝ бил доделен предметот за директорот на АНБ, во кој по анонимна претставка беше оспорена и факултетската диплома на Универзитетот „Скопје“. Таа на седницата на Антикорупциска рече дека случајот е чист според известувањето на Просветниот инспекторат.

**Осум лица осомничени за злоупотреби при јавна набавка во Дирекцијата за ТИРЗ -** Основното јавно обвинителство Скопје, постапувајќи по пријава од Управата за финансиска полиција, оформи предмет и поведе постапка против 8 лица поради основано сомневање дека како соизвршители сториле кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување по член 353 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Во текот на предистражната постапка која Управата за финансиска полиција ја водеше во координација и под раководство надлежниот јавен обвинител, се обезбедија докази дека во временскиот период 26.01-12.07.2022 година, првиот осомничен како службено лице – директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во Скопје, заедно со три службени лица задолжени за спроведување на управната контрола при Бирото за јавни набавки и уште четири лица од Државната комисија за жалби по јавни набавки, со неизвршување на нивната службена положба, му овозможиле на едно правно лице да прибави противправна имотна корист која надминува значителна вредност од 622.981.190 денари.

**Државниот завод за ревизија утврди системски слабости во Кривичен суд -** Државниот завод за ревизија ги објави конечните ревизорски извештаи на Основниот кривичен суд Скопје. Клучни утврдени состојби: Отсуство на веродостојни, вистинити и уредени сметководствени документи за потврда на правото на користење на старата зграда на судот, како и недвижни ствари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција поради неизвршено примопредавање на истите; Невоспоставена евиденција за одземените парични средства и скапоцености и други одземени предмети и неизвршен попис на истите; Комисијата за преглед на севкупното работење не извршила целосен преглед на средствата за депозитите за 2023 година, и не е спроведен надзор на севкупното финансиско и материјално работење и Евиденција на судски депозити кои не се гаранции туку уплати по друг основ за кои судот нема податоци за основ на истите, како и отсуство на податоци за статусот на предметите на судските депозити, завршени /незавршени.

**ЦГК: Податоците од регистарот на вистински сопственици во земјава не се користат за борба против корупцијата -** Центарот за граѓански комуникации, Здружението на даночни советници и Активо ја објавија Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија. Анализата покажа дека: Надлежните институции во земјава малку ги користат податоците за вистинските сопственици во насока на спречување, откривање и санкционирање на перењето пари и во борбата против тероризмот, а се чини, воопшто не ги користат за други цели и за спречување корупција, криминал и злоупотреби во другите области. Институциите и надлежната Управа за финансиско разузнавање имаат различни податоци за бројот на случаи против перењето пари и финансирањето тероризам.

**Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара веднаш да се стопира иницијативата за измена на Законот за јавните набавки по скратена постапка -** Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара веднаш да се стопира иницијативата за измена и дополнување на Законот за јавните набавки, поднесен во Собранието по скратена постапка на 5 декември 2024 година, од група пратеници. Предложените законски измени со кои се укинува управната контрола на

јавните набавки што ја спроведува Бирото за јавни набавки претставуваат сериозно уназадување на заштитата од корупција во услови кога според оценките на сите релевантни меѓународни и домашни чинители корупцијата во јавните набавки е широко распространета. Наместо, според препораките, да се зајакнува управната контрола и да се проширува опфатот на тендери кои ќе бидат контролирани врз основа на постојните „црвени знаменца“ за ризици од корупција, оваа контрола се укинува без каков и да е аргумент. Воведувањето на т.н. административна проверка наликува на стариот механизам кој веќе се применуваше и беше предмет на многу контроверзи и критики од сите релевантни институции.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА

**Петмина се осомничени за случајот „Онкологија“, тројца доктори онколози помагале во измамата -** Од денеска, по 5 месеци предистрага, случајот „Онкологија“ преминува во истражна постапка. Станува збор за екс медицинскиот и поранешниот организациски директор на Клиниката за радиотерапија и онкологија, како и тројца лекари – онколози. Официјално, имиња не беа споменати, но според периодот кога бил медицински директор и кога се сторени делата, првоосомничен е медицинскиот екс директор на Онкологија, Нино Васев. Тој, според информациите на Обвинителството, се товари за седум кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување и едно кривично дело измама во службата. Организацискиот директор, исто така, е осомничен за измама во службата. И тројцата лекари се осомничени за истото дело дело, но за помагање.

**Синдикатот на полицијата поднесе кривична пријава против командирот на ПО Мирковци -** СМП тврди дека станува збор за сомневања за злоупотреба на службена положба и овластување со цел на стекнување корист за себе и друг, а на штета на други (вработени). „Пријавениот раководител постапил надвор од границите на своето овластување и со непрофесионално дејствие и искористување на својата функција командирот постапил спротивно на членовите 7, 10 и 14 од Законот за внатрешни работи“, соопшти СМП.

**Кривична пријава против директор на средно училиште за „злоупотреба на службената положба и овластување“ -** Одделението за внатрешни работи Кочани, до Основно јавно обвинителство Кочани, поднесе кривична пријава против С.З.(35) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“. Пријавениот, во својство на вршител на должноста директор на средно општинско училиште во Кочани, во април 2023 година, спротивно на член 40 став 1 од Законот за јавни набавки, за патување на тим од училиштето на Светското првенство по роботика во Мароко, без да спроведе постапка за јавна набавка, ангажирал туристичката агенција и за услугите ѝ исплатил износ од 296.960 денари и на тој начин овозможил да оствари противправна имотна корист во износ од 296.960 денари.

**Охриѓанец се обидел да поткупи полицајци, доби кривична пријава -** ОВР Кичево поднесе кривична пријава против шеесетгодишен охриѓанец, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп”. „При сообраќајна контрола извршена на улицата „Магистрален пат” во Кичево, полициските службеници сопреле товарно возило „Мерцедес” со охридски регистарски ознаки, што пријавениот го управувал. Притоа, тој на полициските службеници, во сообраќајните документи им оставил пари со цел да не преземаат службени мерки против него“, информираат од МВР.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА

**Посредувале за вработување во Агенцијата за Администрација: седум лица „заработија“ кривични пријави -** Седум лица, еден од Прилеп, четворица до Скопје и двајца од Гостивар добија кривични пријави од Министерството за внатрешни работи за повеќе дела. Како што соопштија од оваа институција тие се теретат за „злоупотреба на службена положба и овластување“, „примање поткуп“, „примање награда за противзаконито влијание“, „давање поткуп“ и „давање награда за противзаконито влијание“.

**Истрага за злосторничко здружување: Замрзнат е имотот на „Новоматрикс“, газдата е осомничен за даночно затајување! -** По барање на Обвинителството за организиран криминал, Основниот суд Скопје 1 изрекол времена мерка за забрана за отуѓување, располагање и оптоварување на возилата на компанијата „Салус Плус“, попозната според поранешниот назив „Новоматрикс“, чиј сопственик е Александар Наумов. Имено, ова решение е заведено и во Централниот регистар, каде се наведува дека по барање на Јавното обвинителство од 27.10.2023 година, Кривичниот суд донел решение на 31.10.2023 година за донесување привремена мерка – забрана за отуѓување, располагање и оптоварување на моторни возила, поради основано сомневање дека е сторено кривично дело злосторничко здружување и даночно затајување.

**Професионален војник им доставувал телефони на затвореници во Идризово - „Осомничениот во КПУ Идризово –** Скопје, како службено лице – професионален војник во Армијата на Република Северна Македонија, поради прогласена кризна состојба на подрачје на затворот, бил ангажиран како надворешно – статично обезбедување од стражарна кула на оградниот ѕид на затворскиот објект. Притоа, тој презел дејствие со кое ги пречекорил границите на своите службени овластувања со намера за двајца осуденици кои издржувале казна затвор во затвореното одделение и на кои согласно куќниот ред во затворот им се забранети мобилни телефони, да им прибави и да им овозможи користење на мобилни телефони и комуникација без надзор на затворска полиција.

**Полицаец од „Ќафасан“ земал мито, колега го криел – добија кривични пријави -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран и сериозен криминал и корупција, поднел кривична пријава против К.М. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „примање поткуп“ по член 357 и против Г.Б. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање на сторител по извршување кривично дело“ по член 365 од Кривичниот законик.

## **“БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2024 ГОДИНА**

**Кривична пријава против 26 лица за злоупотреби со испорака на нафта за греење на установи во Штип -** СВР Штип до ОЈО Штип, поднесе кривична пријава против 26 лица за „Злоупотреба на службена положба и овластување„; „Фалсификување на исправа“ и „Несовесно работење“ така што во периодот од 2021 до 2023 година во 35 наврати испорачале многу мала количина на нафта за греење од количината која шшто ја фактурирале и наплатувале од градинки, основни и средни училишта под надлежност на Општина Штип со што на Буџетот на Општина Штип била предизвикана штета во износ од 18.403.386 денари.

**Поднесено ново обвинение против Рамиз Мерко, незаконски именувал в.д. директор на училиште -** Основното јавно обвинителство Струга поднесе обвинение против градоначалникот Рамиз Мерко. Како што соопштија од Јавното обвинителство, Мерко е обвинет дека пред две години незаконски именувал в.д. директор на основно училиште во селото Лабуништа. Според Обвинителството, против Мерко е поднесен обвинителен предлог, односно предметот ќе оди по скратена постапка, за кривичното дело „Несовесно работење во службата“ од член 353-в став 1 од Кривичниот законик.

**Склучувал незаконски договори и им платил повеќе од милион денари Поранешен**

**директор на Пензискиот фонд доби кривична пријава поради корупција -** Единицата за корупција во Бирото за јавна безбедност поднесе кривична пријава против поранешниот директор на Пензискиот фонд на Македонија Д.Б.(45) до Основното јавно обвинителство Скопје поради сомнение за „Злоупотреба на службената положба и овластување“, соопштија од МВР.

**Кривична пријава за командирот на полициската станица во Крушево обвинет за лажна пријава за оддавање на службена тајна -** Од Синдикатот на полицијата на Македонија бараат одговорност и од началникот на ОВР Крушево кој како што посочуваат несовесно постапувал во вршењето на своите овластувања и должности и му дозволил на пријавениот лажно да пријави кривично дело со кое му нанел штета на Синдикат.

**Кривична за вработен во „Национални шуми“: фалсификувал службена исправа - СВР Скопје –** Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Ц.Ѓ.(63) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Фалсификување службена исправа” по член 361 од Кривичниот законик. Пријавениот, вработен како референт за превоз во Јавното претпријатие „Национални Шуми“ – Подрачно шумско стопанство Караџица – Скопје, на 03.07.2023 издал испратница за натоварено огревно дрво во товарно возило „там“ со скопски регистарски ознаки за количина од четири кубни метри.

**Му оставил на полицаец на Блаце мито од 50 евра на биро, овој го уапсил -** Поткуп, апсење и носење директно пред обвинител, кој сега бара притвор за подмитувачот, се случило на Граничниот премин Блаце, кога сопственик на превозна компанија му оставил на маса банкнота од 50 евра на полицаец. Откако претходно возач на автобус со косовски национални ознаки бил одбиен за влез во Македонија бидејќи немал соодветен сертификат за професионален возач на автобус, осомничениот дошол на граничниот премин, се претставил како сопственик на превозната компанија и побарал да разговара со сменоводителот, за да го пушти.

## **“БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2024 ГОДИНА**

**Уапсени се 17 припадници на затворската полиција поради поврзаност со бегство на затвореник -** Во акција на Основното јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал и корупцијата на Министерството за внатрешни работи уапсени се околу 17 припадници на затворската полиција. Од ОЈО ГОКК, исто така, потврдија дека станува збор предмет што го водело специјализираното одделение на ова обвинителството за гонење полициски службеници и припадници на затворската полиција поради сторени кривични дела.

**МВР ќе поднесе две кривични пријави поврзани со изборите, обвинителството нема пријава за кривични дела -** „МВР врз основа на претходно поднесени пријави, регистрира и 6 прекршоци и ќе бидат поднесени и 2 кривични пријави. Една за кривично дело “Повреда на тајноста на гласањето“ по член 163 од КЗ и една за „Повреда на избирачко право“ предвидено и казниво согласно член 159 од КЗ“.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2024 ГОДИНА

**Кривична пријава против поранешен директор на ПИОМ и уште две лица: Го оштетиле државниот Буџет за над 614 илјади евра -** Како што информираат од МВР, кривична пријава била поднесена против Д.Б.(45) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на постапка за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ и „злоупотреба на службената положба и овластување“ како и против Р.Б.(72) и А.Х.(40) од Тетово, поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „помагање“ по член 24 во врска со кривичното дело „злоупотреба на постапка за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ по член 275-в и „злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353 од Кривичниот законик.

**Странци пријавиле двајца полицајци дека им барале поткуп** – поведена е дисциплинска - Поведена е дисциплинска постапка против двајца полицајци откако странски државјани ги пријавиле дека им барале поткуп. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР постапил по примена пријава од странски државјанин за кривично дело “Примање поткуп“ предвидено по чл. 357 од КЗ против двајца полициски службеници од Единицата за безбедност на патниот сообраќај при СВР Скопје“.

**Кривична пријава против директорка на средно училиште во Делчево -** Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Д.Ц.(52) од Делчево, директорка на средно училиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Несовесно работење во службата“. Пријавената, без да спроведе транспарентна постапка за набавка на стоки и услуги, извршила набавка од повеќе правни лица во вкупна вредност од 905.482 денари, а со Законот за јавни набавки е предвидено дека износот на извршени набавки без спроведена јавна набавка во текот на годината не смее да го надмине износот од 12.000 евра во денарска противвредност.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2024 ГОДИНА

**Реакција за отсуство на консултативен процес за измена на системскиот Закон за организација на работата на органите на државна управа -** Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата реагира до Собранието на Република Северна Македонија за затворениот и неконсултативен процес со засегнатите страни по Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за организација на работата на органите на државна управа. Исто така, формирањето на три нови министерства и реорганизацијата на системот на државната управа без претходна длабинска анализа за оправданоста на предлогот е неприфатливо за Платформата на граѓански организации за борба против корупција. Укажуваме дека ова влијае негативно врз соработката и довербата на граѓанското општество со креаторите на јавните политики. Со оваа реакција Платформата останува доследна и на претходното укажување од 2022 година дека реорганизацијата на државната управа е исклучително важен процес, кој мора да почива врз принципите на транспарентност, вклученост и претходна подготовка на граѓаните за системските промени што се иницираат.

**Инспектор од МВР обвинет за фалсификување документи и несовесно работење -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при

МВР поднесе кривична пријава против З.Л., самостоен инспектор во Регионалниот центар за гранични работи Југ, поради сомневање за „несовесно работење во службата“ и „фалсификување исправи во посебни случаи“. Според МВР, тој како претседател на комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на РЦ Југ и РЦ Запад два пати не спровел дисциплински постапки против една вработена во законскиот рок. Дополнително, на одлуката за прекинување на дисциплинската постапка против вработената го фалсификувал потписот на заменик членот на комисијата. Одделот за внатрешна контрола ќе предложи поведување постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, а пријавениот ќе биде отстранет од работното место до завршување на постапката.

## <u>“БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2024 ГОДИНА</u>

**Кривични пријави против пет лица за „злоупотреба на службената положба и овластување“ и против две лица за „несовесно работење во службата“ -** Единицата за корупција во Секторот за криминалистички истраги при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, во соработка со Одделот за криминалистичка полиција на 05.07.2024 до ОЈО Скопје поднесе кривична пријава против: Д.Д.(55), М.Г.(32), М.М.(64), К.В. (58) и А.Д.(29), сите од Скопје, поради постоење на основано сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“, како и З.И.(60) и Б.Б.(51), двајцата од Скопје, поради постоење на основано сомнение дека сториле кривично дело „несовесно работење во службата“.

**Кривична против директорка на државен ученички дом во Битола, ја злоупотребила својата положба и го оштетила Буџетот на МОН -** СВР Битола до Основното јавно обвинителство поднесе кривична пријава против 57-годишната Е.С. од Битола, поради основано сомнение за сторени четири кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување“, „несовесно работење во службата“, „фалсификување исправа“ и „употреба на исправа со невистинита содржина“, сите од Кривичниот законик, извести МВР. „Пријавената во својство на одговорно лице, директор на државен ученички дом во Битола ја злоупотребила својата службена положба и овластување и вршела несовесно работење во службата при што во повеќе наврати заедно со поранешниот секретар на домот ја напуштале државата со приватно возило, а во налозите за користење на службеното возило била евидентирана дека е на работа или на службено патување во државата, потоа реализирала повеќе службени патувања во странство со службеното возило заедно со лица кои не биле вработени во домот, без одлуки од Управен одбор за нивно одобрување“, соопшти МВР.

**За да не му напишат казна побарале да ги почасти, полицајци снимени како земаат поткуп -** Против тројца полицајци од полициската станица ценат се поднесени кривични пријави за примање поткуп информираше Министерството за вантрешни работи. Тие се сомничат дека на 04.07.2024 околу 23.00 часот на ул.„Даме Груев“ во Скопје, при вршење службени задачи побарале и примиле подарок за себе за да не извршат службено дејствие, односно да не констатираат сообраќаен прекршок и на тој начин го нарушиле угледот на Министерството за внатрешни работи.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2024 ГОДИНА

**Кривична пријава за злоупотреба на службена положба на в.д. директорот на ЈКП Гази Баба 2007 -** МВР поднесе кривична пријава против В. М. (31) поради основано сомнение дека сторил кривично дело по член 353 од Кривичниот законик – „злоупотреба на службена положба и овластување”, со тоа што во текот на 2021 година, со неизвршување на своето службено овластување како в.д. директор на ЈКП „Гази Баба 2007″ Скопје го оштетил буџетот на Општина Гази Баба во износ од 1.218.000 денари.

**Лишен од слобода возач на автобус од Тетово поради нудење поткуп -** На наплатната станица Романовце во правец кон Скопје, од страна на полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запрен е автобус со тетовски регистарски ознаки, сопственост на правно лице од Тетово, управуван од А.С. од Тетово. За време на вршењето на контролата и прегледот врз автобусот, возачот на полицискиот службеник му понудил пари со цел да не продолжи прегледот и контролата, по што тој е веднаш лишен од слобода поради основи на сомневање за сторено кривично дело по член 353 од КЗ и во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

**Претставена онлајн платформа за борба против корупција во процесот на урбанистичко планирање -** Граѓаните на онлајн платформата на Иницијативата О2 може да се запознаат со читање на основните работи во урбанистичките планови, преку информативни видеа, инфорграфици, како и преку примерни на конкретни случаи на корупција во урбанистичкото планирање. Платформата содржи и примери што, каде и како да се пријави и поднесе претставка, иницијатива, барање или жалба, но и што откако ќе се пријави, кои се чекорите што понатаму може да се преземат. На платформата, граѓаните исто така можат и директно да пријават корупција и да добијат информации за активно дејствување.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**Отворена предистрага за судијата Ељведин Ферати, кој со пречкртување си поправал оценки на тетовскиот универзитет -** За судијата Ељведин Ферати од Основниот суд Тетово е отворена предистрага, откако Државниот просветен инспекторат утврдил дека си ги поправил оценките по право на Тетовскиот државен универзитет, со пречкртување. Предистрагата ја води Скопското јавно обвинителство. „ОЈО Скопје постапува по доставено известување од Државниот просветен инспекторат и презема дејствија во предистражна постапка со цел да ги испита сите околности“, вели Обвинителството. Случајот го откри Антикорупциската комисија лани во декември, во рамки на големата ревизија со која се пребројуваа факултети и дипломирани студенти на кои им биле давани дипломи со недоволен број кредити.

**По иницијатива на ДКСК, ОЈО Скопје почна постапка против поранешниот организациски директор на Клиниката за токсикологија -** Државната комисија за спречување на корупцијата денеска соопшти дека Основното јавно обвинителство Скопје, по поднесената иницијатива од страна на ДКСК за кривично гонење, ја прифатило иницијативата, оформило предмет и отпочнало постапка по обвинителен предлог против организацискиот директор на Универзитетската клиника за токсикологија. Согласно Обвинителниот предлог, се појаснува во соопштението, обвинетата е обвинета за злоупотреба на службената положба и овластувањата, согласно член 353 став 1 од

Кривичниот законик.

**Врховниот суд со измени на Деловникот ги отвори општите седници за јавноста и медиумите -** „Предложените измени се засноваат на уставните и законските начела за јавност на судството, највисоките меѓународни правни норми интегрирани во домашното законодавство, принципите на Европската конвенција за заштита на човековите права и стандардите на Европскиот суд за човековите права, меѓународните документи од областа на судството и заложбите и активностите на Советот за отворено судство“, рече претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми образложувајќи ги измените. Во Врховниот суд се одржа Општа седница со единствена точка на дневен ред – предлог за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2024 ГОДИНА

**16 службеници, осомничени за примање поткуп, а двајца за злоупотреба на службената положба и овластување -** Под раководство на предметен јавен обвинител од Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, извршени биле претреси на 26 локации во Струмичко-гевгелискиот регион и при тоа се лишени од слобода 14 царински службеници од Царинската управа на РСМ, еден пензиониран царински службеник и еден полициски службеник. При претресите се пронајдени паричните средства што биле примени како поткуп, во вкупен износ од 50.000 евра, а  ЈО донесе Наредба за спроведување на истражна постапка против 16 лица за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело Примање поткуп од чл.357 ст.1 од КЗ, додека за две лица пријавени за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл. 353 од КЗ ќе се спроведе скратена постапка

**Поднесено обвинение за проневера во службата во ЈСП Скопје - Основното јавно обвинителство Скопје поднесе Обвинителен акт против три лица кои ги товари за продолжено кривично дело –** Проневера во службата според член 354 став 5 во врска со став 3 и став 1 од Кривичниот законик. Трите соизвршителки, заеднички, како одговорни лица вработени во Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје, со намера да прибават за себе противправна имотна корист, присвоиле пари доверени во службата во вкупен износ од 23.133.245 денари, што претставува значителна имотна корист.

**Кривична пријава за злоупотреба на службена положба за 12 полицајци и шест вработени во Државни патишта -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, поднесе кривична пријава против 18 службени лица  дванаесет се полициски службеници – припадници на Мобилната единица за безбедност на патниот сообраќај, додека останатите шест се вработени како службени лица на наплатна рампа Романовце при Јавното претпријатие за Државни патишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања“ по член 353 од Кривичниот законик.

**Странец осомничен за давање поткуп на Блаце, Обвинителството достави предлог за притвор -** Основното јавно обвинителство Скопје донесе Наредба за спроведување истражна постапка против турски државјанин за кого постои основано сомнение дека сторил кривично дело – Давање поткуп согласно член 358 став 1 од Кривичниот законик. На 30 октомври, на граничниот премин „Долно Блаце”, при влез во државава,

осомничениот 50-годишник директно на службено лице му дал подарок за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**ЗНМ поднесе пријава за недолично однесување на судијката од битолскиот суд, која им ги одзеде телефоните и камерите на новинарите -** Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) поднесе пријава до Основниот кривичен суд Скопје како и до Здружението на судии со цел да се преземат соодветни мерки за одговорност за непримерен и непрофесионален однос од страна на судијката Цветанка Никодиновска од Основниот суд во Битола кон новинари и медиумски работници. Судијката Никодиновска, не им дозволи на новинарите од САКАМДАКАЖАМ.МК и ТВ Телма да снимаат и фотографираат на судењето против претседателот на бугарскиот клуб во Основниот суд во Битола кои иако за тоа имаа добиено одобрение од Врховниот суд. Пред судницата, вработено лице од новинарите побара телефоните да им ги предадат на припадник на судската полиција, а камерманот да ја остави камерата на портирница. На новинарите им беше дозволено всушност како граѓани да присуствуваат на рочиштето, иако во записникот беа заведени како новинари. „Иако новинарите имале дозвола од Врховниот суд на Македонија за медиумско покривање на случајот, оваа судијка го попречи нивното право на известување, со што се прекршија принципите на транспарентност и правото на јавноста да биде информирана”, пишува во соопштението на ЗНМ.

**Кривична пријава за несовесно работење во службата и отказ за 15 високи службеници во МВР -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поднесе кривична пријава против 25 лица вработени во МВР поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“ по член 353-в од Кривичниот законик. Пријавените С.И., М.К., Б.Г., Р.А., Р.Ч., Д.Ј., З.В., И.И., Н.З., Г.А., И.Н., Ј.Н., И.М., Д.Ц., Е.В., А.Ш., Н.П. и Б.Б. во својство на претседател и членови на Комисијата за разгледување и подготвување на предлози во однос на поднесени барања за издавање одобрение за набавување на оружје во СВР Скопје, СВР Куманово, СВР Тетово и СВР Битола, во периодот од 2021 до 2024 година несовесно постапиле во вршење на своите должности и овластувања на начин што при постапување по барањата за издавање на одобрение за набавка на оружје дале позитивно мислење за издавање на одобрение за набавка на оружје на предлогот доставен до Комисијата за ревизија на позитивно одлучени барања за издавање одобренија за набавување оружје, спротивно на одредбите од Законот за оружје.

**Кривична пријава за вработен во Национални шуми за примање мито -** СВР Струмица поднесе кривична пријава против референт во Јавно претпријатие „Национални шуми“ – подружница Беласица, за сомнение дека во текот на последните шест години континуирано барал и примал парични надоместоци од жител на струмичко село, кој сакал да добие дозвола за сеча на дрва. Како што соопшти Министерството за внатрешни работи осомничениот ја злоупотребил својата службена должност за да добие парични средства, или преку себе, или преку посредници. Референтот по добивањето на поткуп, контактирал лице што издавало дозволи за сеча на дрва на планината Огражден и барал да ја издаде дозволата за сеча на дрвата. На 6 ноември 2024, при прием на паричен надомест, тој бил лишен од слобода од полициски службеници. Претреси биле извршени во неговиот дом и во домовите на уште две други лица, при што биле пронајдени предмети за кои се смета дека се поврзани со делата. По апсењето, судија од Основен суд Струмица му определи 30 дневен притвор.

**“БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

**24 лица го оштетиле Буџетот за над милион и 500 илјади денари** - Единицата за финансиски криминал при Секторот за криминалистички истраги во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поднесе кривична пријава против С.Н.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353 и против 23 други лица од повеќе градови од државата поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање“ по член 261 од Кривичниот законик. Пријавениот С.Н. – соработник за финансиски прашања во Службата за општи и заеднички работи во Владата, во периодот од ноември 2021 година до април 2022 година, кој бил ангажиран за изработка на пресметките на плата на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја злоупотребил својата службена положба на начин што при изработка на пресметките за плата на 23 –те лица, сите вработени како Шумски полициски службеници, во сите обрасци за плата, во графата „празнични часови“ внесувал поголем број на празнични работни часови, иако знаел и имал увид дека лицата немале воопшто или имале значително помал број празнични работни часови.

**Обвинение за пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Пеце Милевски од Битола, како директор исплаќал дополнително пари за успешност на вработени, а „водовод“ работело со загуби** - Основното јавно обвинителство (ОЈО) од Битола поднесе обвинение против Пеце Милевски, поранешниот директор на битолското Јавно претпријатие „Водовод“, а сегашен пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, за злоупотреба на службената положба. Обвиненитето е поднесено до надлежниот суд за периодот кога тој бил в. д. директор на претпријатието, за продолжено кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. „Обвинетиот, во 2022 и 2023 година како в. д. директор на јавно претпријатие, ги пречекорил границите на своите службени овластувања и во повеќе наврати на шест различни лица вработени во претпријатието без правен основ им исплаќал дополнителни средства за работна успешност и покрај тоа што претпријатието во континуитет работело со загуби.

**Кривични пријави против двајца поранешни директори на Фондот за иновации -** Против двајца поранешни директори на Фондот за иновации и технолошки развој, Фестим Халили и Коста Петров, се поднесени кривични пријави. Во првиот случај, се работи за проект наречен „Грин Хојо“, кофинансиран од Фондот, кој бил за собирање податоци преку IoT-уреди за да се искористи решението за паметен дом за да се направи енергетски поефикасна канцеларија/куќа/стан. Постои основано сомневање дека Фондот е оштетен за 4.000.000 денари, затоа што е сторена „злоупотреба на службена положба“ од поранешниот директор Халили. Од ревизијата на работата на ФИТР произлегла уште една кривична пријава, исто така против поранешен директор на Фондот – Коста Петров. Во овој случај се работи за проект на „Фротирка“ од Делчево финансиран од ФИТР, кој не бил завршен, а бил исплатен, при што Петров наводно не реагирал соодветно.

**Кривични за 12 македонски државјани и 1 странец за криумчарење луксузни возила, фалсификување исправи и злоупотреба на службена положба** - МВР информираа дека по издадени наредби од страна на судија за претходна постапка и јавен обвинител заради докажување на кривични дела поврзани со криминал со луксузни моторни возила, извршени се 10 претреси кај 10 лица, од кои седум се во Скопје, еден во Дојран, еден во Неготино и еден во Битола, при што се лишени од слобода шест лица: К.С., Н.П., М.С. и Д.И. од Скопје, В.Ц. од Стар Дојран и Н.Г. од Битола. МВР според претходно одземени 5

ПМВ и собрани материјални докази ќе поднесе пријава до ОЈО против 13 лица, од кои двајца се поранешни вработени во МВР, а еден е се уште вработен во МВР, каде во текот на ноќта и утрото лицата се изведени пред судија на претходна постапка.

**Кривична за полициски службеник поради злоупотреба на службена положба -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција Скопје, поднесе кривична пријава против Д.М. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“, казниво по член по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот, полициски службеник, извршувајќи работни задачи како документарист, со пречекорување на службеното овластување, во септември 2023 година изготвил службен акт со невистинита содржина, злоупотребувајќи го потписот на раководителот на Полициската станица Тетово.